# 21

# Образовната идеологија во Византија

АНЕТА ЈОВКОВСКА, Православен богословски факултет
„Св. Климент Охридски“, Скопје

UDK 37:316.75(495.02)
UDK 342.1:299.5(495.02)

**Abstract:** In Byzantine society, which throughout its thousand-year history has followed the path of eternal salvation, the word "culture" also meant "education, teaching and upbringing in order to lead a certain way of life." Byzantine theologians have always had a deep respect for knowledge and recognized the special value of education, and above all they valued knowledge in the field of grammar and rhetoric. Without such knowledge, they argued, it was impossible to understand the Scriptures, to acquire the skills to argue with pagans and heretics, and even more to create original works in the field of spiritual literature. It is important to note that Byzantine education, unlike Western education, was not in the hands of the church. Although certain ecclesiastical disciplines were taught in Byzantine schools, they remained generally secular. The education system itself was very reminiscent of the ancient. Therefore, the gradual disappearance of pagan beliefs did not contribute to the disappearance of ancient literature and philosophy. They have passed through the centuries and survived to our time.

Античката традиција која играла голема улога во културата на византиското општество била особено стабилна на полето на образованието и просветувањето. Веројатно затоа училиштата во Византија, за разлика од западните, не ѝ биле подредени на црквата. Се разбира, во нив се изучувале поедини

црковни дисциплини, но во целина тие останале секуларни, а самиот образовен систем бил доста близок до античкиот. Како идеал на образована личност во Византија се сметала личноста која се здобила со традиционално хеленистичко образование комбинирано со христијански православен светоглед. Изворите ни дозволуваат да заклучиме дека во Византија немало општествени ограничувања на образованието и дека секој што сакал и имал финансиска можност, можел да се школува.[1] Образованието не било бесплатно, со исклучок на манастирските и дворските училишта.

Првата фаза од образованието ги опфаќала училиштата за описменување каде што учениците се стекнувале со основно образование. Степенот на описменување траел две до три години, а децата почнувале да учат на пет или седумгодишна возраст. Византиската школа за описменување била, всушност, христијанизирано продолжение на хеленистичкото основно училиште. Наставата овде се изведувала со помош на учебници создадени во грчко-римско време. Образованието било секуларно. Дури и во некои Константинополски цркви постоеле световни училишта.[2]

Обидувајќи се да ја совладаат античката наука, византиските учители и педагози направиле многу за да го зачуваат културното наследство од минатото. Затоа, посебно внимание се посветувало на списите на грчко-римските мислители, нивното толкување и коментирање.[3] За разлика од хеленистичката традиција на образованието, во содржината на основното византиско образование недостасувала физичката обука на децата, а музиката и мелодекламацијата биле заменети со црковно пеење. За повеќето деца основните училишта биле првата и последната фаза од организираното образование.

Византијците можеле да се стекнат со напредно образование во приватни, државни и црковни гимназии. Речиси сите деца од граѓанската елита поминувале низ овој степен на образование. Во Византија се верувало дека секој образуван човек треба да ја совлада „старогрчката наука", која го отвора патот кон философијата и теологијата.[4]

Философијата, која се изучувала во различни степени, во зависност од видот на училиштето, била поделена на теоретска и практична. Теоретската вклучувала математички квадриум, односно аритметика, геометрија, астрономија, музика и физиологија. Наставата по практична философија била ограничена на изучување на етиката, политиката и економијата. Понекогаш логиката и дијалектиката биле вклучувани во философијата. Наставната програма од средното образование во најдобрите училишта

---

1 Athanasios, Markopoulos "Education", in *The Oxford Handbook of Byzantine Studies*, ed. Elizabeth Jeffreys, John Haldon and Robin Cormack (Oxford: Oxford University Press, 2008), 786.

2 Александр П. Каждан, *Византийская культура X-XII вв* (Санкт-Петербург: Алетейя, 2006), 46.

3 Сергей С. Аверинцев, *Поэтика ранневизантийской литературы* (Москва: Coda, 1997), 56.

4 Robert Browning, "Literacy in the Byzantine World" in *Byzantine and Modern Greek Studies* Vol. Issue 1 (Cambridge University Press, 2016) 39–54.

содржела и изучување на историјата. Поголемо внимание било посветено на граматиката, реториката, дијалектиката и поетиката.[5] Целта на поучувањето се состоела во формирање на општа култура и елоквентност, како и развој на мислењето кај младите луѓе. Карактеристично е тоа што до VII век, во средното образование наставата се изведувала според антички прирачници за граматика и реторика.

Следната фаза на византиското образование била високата школа. Генерално, создавањето на висок степен на образование е карактеристична црта на византиската цивилизација. Секако, од IV до VI век во Византија продолжиле да функционираат античките виши училишта, зачувани од времето на доцниот хеленизам во Александрија, Антиохија, Атина, Кесарија и некои други градови. Овие провинциски виши школи го создале и одржувале образовното ниво на империјата во целата нејзина екумена. Посебно бил висок престижот на градот Александрија каде науката и образованието имале славна историја. Наставната дејност во овие школи ја спроведувале хеленистички образовани философи, кои наследството на грчко-римската цивилизација од областа на педагошкото знаење го пренеле во новата ера. Специфичноста на византиската педагошка мисла се состоела во спојување и преплетување на античките педагошки идеи со идејата за воспитување на личноста во духот на христијанството.[6]

Педагошките погледи и идеи кои придонеле за појавата на првата високообразовна институција во државата биле изразени од најпознатите црковни отци: свети Василиј Велики (330 - 379), свети Григориј Ниски (335 - 394), свети Јован Златоуст (344 - 407), преподобен Максим Исповедник (580 - 662), свети Јован Дамаскин (675 - 753) и Симеон Нов Богослов (949 - 1022).

Античката идеја за човекот како „микрокосмос“, христијанските мислители од IV и V век (свети Василиј Велики, свети Јован Златоуст и други) ја надополниле со идејата за двојноста на човековиот внатрешен свет. Тие гледале на човечкото тело како седиште на душата и сметале дека највисоко во душата е умот, „духовната проникливост“, која го отвора патот кон богопознанието. Душевните способности не само што е неопходно да се воспитуваат, туку потребно е и да се насочат кон постигнување на вистински повисоки цели, бидејќи, според свети Василиј Велики, во реалниот живот способностите на човекот стануваат „добри или зли“, во зависност од нивната примена во одредена ситуација. Свети Василиј Велики во есејот „Како младите можат да имаат полза од паганските книги“ делувал како мудар педагог, кој кај своите ученици развивал способност критички, но добронамерно да се поврзат со наследството од минатото. Тој сметал дека главниот метод на воспитанието треба да биде развојот на самопознанието на

5 Robert H. Robins, *The Byzantine Grammarians. Their Place in History* (Berlin and New York: Mouton de Gruyter, 1993).

6 Athanasios Markopoulos, “In search for ’Higher education’ in Byzantium,” *ЗРВИ* 50-1 (2013), 29-44.

човекот преку негово продлабочување во сопствениот внатрешен свет. Умствениот развој на човекот свети Василиј го ставил на прво место: сè мора да подлежи на анализа и независно разбирање.[7]

Свети Јован Златоуст, еден од најпознатите проповедници на Источната Црква, имал огромно влијание врз формирањето на византиската православна педагошка мисла. Земајќи го предвид античкото наследство, тој промовирал такви методи на воспитание како што се предупредувањето и беседа. Златоуст покажал пример како наставникот треба да се обраќа кон личноста на секој ученик поединечно, да го гради својот говор разбирливо, емотивно и визуелно да ја открива содржината на поучувањето. Главниот извор на знаење, според свети Јован Златоуст, треба да биде Светото писмо.[8]

Во VI и VII век продолжила линијата на соединување на хеленистичките и христијанските педагошки идеи. Така, преподобен Максим Исповедник (според традицијата која доаѓа од античкиот свет) го разбирал човекот како микрокосмос, како поврзувачка врска помеѓу телесното и духовното. Тој дошол до заклучок дека човекот треба да се формира хармонично. Рамнотежата и редот во надворешниот свет и во целиот универзум зависат од постигнувањето на внатрешната хармонија на човекот. Според преподобен Максим Исповедник, гревопадот на човекот е причина за прекинување на врската помеѓу земното и небесното. Оттука, задача на образованието и воспитанието е да ја врати оваа врска, да ги урамнотежи сетилните и духовните принципи, така што ќе овозможат човекот да не падне под нивото кое му е достапно, туку да се развива во согласност со неговата двојна природа.[9]

Понатаму, голем придонес за развој на педагошката мисла во Византија дал свети Јован Дамскин кој со право се смета за првиот христијански средновековен схоластик. Неговите идеи изразени во трактатот „Извор на знаењето" влијаеле на западноевропската теологија, особено на ставовите на Тома Аквински. Овој трактат претставува збирка на философски, богословски и педагошки идеи во кои е развиена мислата за неопходноста од универзално, енциклопедиско и богословско образование. Свети Јован Дамаскин верувал дека при образованието треба да се обрне големо внимание на интелектуалниот развој на човекот. „Ништо не е подраго од знаењето, бидејќи знаењето е светлина на словесната душа; незнаењето, пак, е темнина. Како што отсуството на светлина е темнина, така и отсуството на знаење е темнина на умот", напишал тој.[10] Природно-научните информации добиени од античката литература свети Јован Дамаскин ги припишува на

7 Види, Василий Великий, святитель, *Избраные творения* (Москва: Издательство Сретенского монастыря, 2006), 347-349.

8 Види, Иоанн Златоуст, святитель, *Увещеваю вас, возлюбленные. Избранные беседы* (Москва: Отчий дом, 2008).

9 Види, Тунберг Ларс, *Микрокосмос и посредник: Теолошка антропологија светог Максима Исповедника* (Шибеник: Истина - Епархија далматинска, 2008).

10 Sveti Jovan Damaskin, *Istočnik znanja* (Beograd: Jasen, 2006), 54.

световното знаење, а нивното усвојување го смета за почетна фаза на училишното образование. Според неговото мислење, вистинското знаење започнува со одговори на прашањата поврзани со христијанската доктрина. Во погореспоменатиот трактат, користејќи современа терминологија, тој нашироко разгледува психолошки и педагошки проблеми, а попатно дава и методски препораки за одредени наставни теми. Педагошките идеи кои ги изложил тој влијаеле врз формирањето на новиот систем на високото образование кој ќе содејствува со духот на времето.[11] Одличен чекор во оваа насока направил императорот Теодосиј II (401-450), кој и самиот имал познавање не само теолошките, туку и на световните науки: астрономијата, математиката, историјата, сликарството и други. Со името на императорот Теодосиј II се поврзуваат два исклучително важни настани во византиската историја: отворањето на првата државна виша школа и објавувањето на Теодосискиот кодекс како претходник на Јустинијановиот кодекс. Пред тоа, образованието било приватно или општинско, но не и државно иако списоците на наставниците во училиштата биле одобрувани од страна на царот. Така, во 425 година Теодосиј издал указ според кој била отворена високообразовна институција во главниот град и го добила името „Аудиториум". Тој бил, всушност, првиот средновековен европски универзитет. Самото име зборува за главниот метод на наставата – предавања и коментари од страна на наставниците кои биле наречени „конзули на философијата".[12] Тамара Рајс сугерира дека вишите школи во Византија се појавиле уште во III век. Еве како таа го опишува ова: „Христијанскиот центар за високо образование бил основан во Александрија во III век. Наскоро и во Кесарија се отворила Христијанска академија. По неа следеле центри на христијанското просветлување во повеќето големи градови на истокот на империјата. Константин I придавал големо значење на образованието. За да обезбеди администрација со образовани службеници, тој основал академија во новиот главен град. Константиновите наследници на престолот ја споделиле неговата грижа и внимание за оваа институција. Но, само Теодосиј II, во 425 година, ја претворил Константинополската академија во сериозен универзитет контролиран и поддржан од императорите."[13]

Кадарот на оваа суштински прва виша школа во Византија го сочинувале 31 професор: пет ретори и десет грчки граматичари, тројца ретори и десет граматичари за латински јазик, двајца правници и еден философ. Сите биле владини функционери и им било забрането да поучуваат на друго место, а во исто време, другите наставници, поради тешка казна и протерување од

---

11 Шарль Диль, *Основные проблемы византийской истории* (Москва: Иностранная литература, 1947), 53.

12 Зинаида Г. Самодурова, "Школы и образование," во *Культура Византии. IV – первая половина VII вв*. ред. Зинаида В. Удальцова, Сергей С. Аверинцев (Москва: Наука, 1984), 470

13 Тамара Т. Райс, *Византия. Быт, религия, культура* (Москва: Центрполиграф, 2006), 218-219.

престолнината, немале право да отворат свои училишта во Константинопол. Освен тоа, наставниците од Теодосиевиот универзитет биле обврзани да бидат христијани, за разлика од најстариот центар на науките во империјата – Платоновата академија во Атина, каде што паганските хеленисти изучувале и предавале класична грчка философија.

Во Константинополската виша школа, седумте основни уметности се изучувале според системот создаден во времето на паганството, а подоцна усвоен од византиските школи. Тие обично се нарекуваат „седум слободни уметности" и се поделени во две групи: тривиум и квадриум. Тривиумот вклучувал граматика, реторика и дијалектика, а квадриумот: аритметика, геометрија, астрономија и музика. Поимот „филологија" не постоел во Византија. Развојот на филолошките науки главно се одвивал преку процесот на проучување и коментирање на делата од античката и ранохристијанската литература. Граматиката немала значење во современата смисла на зборот, туку вклучувала и лексикографија и метрика. Постоеле посебни граматички трактати. Најзначајните од нив ги напишал Георги Жировски, кој држел предавања по граматика на Константинополскиот универзитет кон крајот на VI или почетокот на VII век.[14] Зачувани се предавањата и на Георги Хировоск, кој ги коментирал делата на Теодосиј Александриски и Дионисиј Тракиски (обајцата живееле околу 100 година пред Христа). Лексикографијата сѐ уште не била толку важна гранка на знаење како во следните векови. Во оваа област може да се издвојат двојазичните речници: грчко-латински, латинско-грчки и коптско-грчки, кои биле издадени поради потребите во меѓународните односи на империјата. Неопходно е да се забележи и речникот што во ракописите му се припишува на александрискиот патријарх Кирил, кој е составен кон крајот на V век или во почетокот на VI век. Овој речник бил доста ценет и служел како неопходен водич во обработката и составувањето на новите лексички помагала. Во Константинополската виша школа се изучувале и философијата и теологијата како „наука над сите науки".

Постепено оваа школа, како важна државна институција, ги засенила, а потоа ги потиснала провинциските виши школи од официјалниот живот на образовната заедница. Во 529 година, Јустинијан ја затворил Платоновата академија во Атина како гнездо на ереси. Така бил воспоставен државниот монопол на универзитетското образование во Византија. Интересни податоци за историјата на ова училиште ни дава Соколов, кој оваа образовна институција ја нарекува „Византиска Академија". Но, првиот период на оваа Византиска Академија не траел долго. Императорот Фока (602-610) не бил наклонет кон науката и образованието и ја затворил школата, отстранувајќи ги нејзините наставници од главниот град. Сепак, неговиот наследник, императорот Ираклиј (610-641) имал многу покровителски став кон науката и набргу по стапувањето на Тронот, со помош на учениот патријарх

14 Markopoulos, "In search for 'Higher education'", 32.

Сергеј (610-638), ја обновил Византиската Академија и ја довел оваа школа до процут. Тоа траело до почетокот на иконоборството.[15]

Кога започнало иконоборското движење во Византија, академијата претставено од нејзините наставници и студенти, останала верна на учењето на Црквата и пристапила да ја брани школата од ерес. Оваа околност послужила како причина  за Лав III да ја затвори Академијата и во текот на целиот период на иконоборството, оваа образовна институција не постоела. Честа да ја возобнови Византиската академија, како самостојна образовна институција, со цел наставен кадар и голем број студенти, му припаднала на цесарот Варда, кој управувал со Византиската империја од име на својот внук императорот Михаил III.[16] Според Соколов, Варда ја обновил Академијата и ги назначил за наставници најдобрите научници од тоа време.[17]

Сепак, Рајс има поинакво мислење за ова прашање. Таа смета дека образовната институција создадена од Варда не била обновување на првата Византиска академија, туку била сосема нова виша школа, која ги продолжила традициите на византиското образование. Таа пишува: „Во 856 година цесарот Варда, вујко и прв министер на Михаил III, одлучил дека на главниот град му треба втор универзитет. Тој го основал во дворецот Магнор и можеби поради фактот што веќе постоел религиозен институт, оставил да се изработи исклучиво секуларна наставна програма. Многу студенти учеле на овој универзитет до X век кога бил затворен, веројатно по налог на Василиј II.[18] Варда великодушно ги наградувал наставниците за нивната работа и многу се грижел за успехот на византиската младина која студирала на Академијата. Образованието било бесплатно. Од редот на учениците на оваа Академија излегле квалитетни византиски научници, кои потоа се посветиле на развојот на разни науки и ја ширеле светлината на знаењето во други градови на империјата. Наставната програма подоцна била проширена со додавање на теолошки предмети, чие изучување се сметало за неопходно за секој византиски „мудрец".

Некое време дидаскал на Академијата бил познатиот Фотиј, кој предавал теологија. Тој дополнително придонел за просперитетот на Византиската академија и ја раширил нејзината слава низ целиот Исток. Според Рајс, со падот на Александрија, Бејрут и Антиохија, Византиската академија се покажала како единствен универзитет достапен за христијаните. До IX век на оваа Академија студирале доста странци: претставници на Истокот, Словени, Грузијци, Ерменци и нешто подоцна и Италијанци.[19]

---

15 Иван И. Соколов, *Лекции по истории греко-восточной церкви*, В 2-х т. Т. 1 (Санкт-Петербург: Издательство Олега Абышко, 2005), 370.

16 *Высшая школа Михаила III*, пристапено на 05.11.2021, http://www.russika.ru/termin.asp?ter=2037

17 Соколов, *Лекции по истории греко-восточной церкви*, 370.

18 Райс, *Византия*, 220.

19 Райс, *Византия*, 222.

Треба да се истакне дека Константинополската академија не била само образовна институција, туку се занимавала со развој на теолошките, философските и другите науки. Исто така се стремела и кон практична цел: подготовка на просветлени личности за Црквата и државата кои понатаму станувале митрополити, судии или други државни служби, а некои се посветувале на наставата во византиските школи. Соколов забележува дека во понатамошната историја на Константинополската академија особено се значајни заслугите на императорот Константин IX Мономах (1042-1064), кој Академијата ја преселил од дворецот во Магнавр во манастирот „Св. Георгиј" во Мангани, кој самиот го изградил. Тука отворил четири одделенија на кои ги назначил најдобрите научници во тоа време.[20] Меѓутоа овој факт Рајс повторно го оспорува и Академијата создадена од Константин Мономах ја нарекува „третиот универзитет" основан во 1045 година во Константинопол. Таа забележува дека на овој универзитет се образувале единствено студенти за државната служба и судството.[21]

Во врска со горенаведеното, важно е да се забележи дека во Византиската империја правното образование секогаш имало значајна улога затоа што правниците биле потребни во државниот апарат. Долго време пред Константинополскиот универзитет да започне да обучува правен персонал, правото било еден од главните предмети и во атинската и александриската школа. Навистина, наставниот метод во овие школи страдал од некомплетност, а казненото право и судството воопшто не се изучувале. Како резултат на ова образование, студентите не се здобивале со практични вештини. Во меѓувреме, потребата од оние кои ја познавале правната практика се зголемила поради неопходноста за изучување на правота од страна на идните јавни службеници. Затоа Универзитетот во Константинопол започнал да обучува специјалисти од областа на правото и последователно, само правниците кои се обучувале на овој Универзитет можеле да се занимаваат со правната практика.[22]

Во Западна Европа, во тоа време, се создавале универзитети со самоуправно уредување, додека во Константинопол вишата школа и понатаму останала подредена под власта на императорот. Константин IX Мономах ги регулирал сите активности на вишата школа – правните, медицинските, философските, па дури и патријаршиската школа.

Во Константинополската виша школа, во времето на нејзиниот врв (XI-XII век), се предавало првенствено платонска и неоплатонска философија, коментари и критики на грчки текстови, како и коментари на делата на црковните отци, со метафизика како метод за проучување на природата, философијата, теологијата, медицината и музиката. Како главна форма на

20 Соколов, *Лекции по истории греко-восточной церкви*, 373.

21 Райс, *Византия*, 224.

22 Александр П. Каждан, *Византийская культура X-XII вв.* (Санкт-Петербург: Алетейя, 2006), 238.

поучување се јавува расправата. Идеалот на оваа школа бил енциклопедиски да се образуваат државни и црковни кадри. Нивото на образование на оваа школа може да се согледа според активностите на нејзините студенти. На пример, словенските просветители Кирил (Константин Философ) и Методиј биле студенти на оваа школа, а подоцна организирале школи во словенските земји. Оваа виша школа престанала да работи дури кон крајот на XII век, а во 1261 година била повторно обновена од императорот Михаил VII Палеолог. Така, со одредени прекини во зависност од тешките надворешни и внатрешни услови во историјата на Византија, Академијата постоела речиси сè до нејзиниот пад.

Создавањето на оваа школа, која се сметала за секуларна образовна институција, од една страна овозможила да се сочуваат традициите на хеленското образование во Византија, а од друга страна имала значително влијание врз развојот на образовниот систем во православните земји, па дури и во исламскиот свет.

Треба да се истакне дека покрај високите школи, во империјата постоеле и „домашни академии“, кои обединувале образовани луѓе групирани околу еден покровител – философ. Оваа традиција потекнува од грчко-римскиот свет и античките философски школи. Една таква „домашна академија“ била создадена од страна на солунскиот архиепископ Евстатиј, кој, откако се школувал во Константинопол и почнал да служи како ѓакон во црквата „Света Софија“, станал и наставник. Домот на Евстатиј во главниот град станал своевидно училиште за млади студенти, а подоцна прераснал во центар каде се собирале најдобрите умови во градот и младите кои се стремеле кон знаење. И покрај желбата на Византијците за високо световно образование, овде никој не се откажал од богословското образование. Но, вискoто богословско образование, по правило, било овозможено во манастирите. Важната улога на манастирите по однос на образованието продолжила до XV век.[23]

Традицијата на монашките форми на образование датира од крајот на грчко-римската цивилизација кога во источните провинции на Римската империја почнале да се создаваат христијанските училишта. Учениците и предавачите живееле во еден дом формирајќи „братство“. Ваквата форма сè уште не претставувала манастир, но сепак овие заедници биле блиски до подоцнежните манастири и училиштата приклучени до нив. Главен предмет на поучување било Светото писмо и се изучувало во текот на три години. Кон тоа се спроведувал паралелно и курс за описменување.

Длабоката религиозност на Византијците, нивното познавање на догмите на христијанската доктрина, библиските книги, делата на црковните отци и други религиозни текстови принудиле многу истражувачи да размислуваат за егзистирање на посебна духовна школа во која се изучувала теологијата.

23 Лев П. Карсавин *Культура средних веков* (Москва: Книжная находка, 2003), 28.

Меѓутоа, со поголем степен на веројатност може да се зборува за Патријаршиска академија дури кон крајот на IX век кога во Константинпол била организирана духовна школа. Наставната програма на оваа институција била фокусирана на библиската егзегеза, односно на толкувањето на псалмите, посланијата на светиот апостол Павле и евангелијата. Заедно со ова, нејзините слушатели се здобивале и со реторичка обука. Студентите на оваа школа се здобивале и со знаење од областа на световните науки. Така, Михаил Италик, наставник по евангелие, држел часови и по квадриум, односно аритметика, геометрија, музика и астрономија, а се одржувале предавања и по механика, оптика, медицина и философија.[24] Во Патријаршиската академија предавале најистакнатите дејци на византиската култура од крајот на XI и почетокот на XII век, кои се јавуваат како автори на многу литературни и педагошки дела сочувани и до наше време. Најистакнати меѓу нив биле Евстатиј Солунски, Никифор Василак, кој составил учебници по историја, митологија, реторика и теологија и Михаил Италик, кој напишал бројни трактати од различни научни области. Многумина од нив, по завршувањето на својата професорска кариера, ги зазеле највисоките црковни функции и станале епископи, митрополити, а некои и патријарси.

Но, и покрај контролата на Црквата врз активностите на образовните институции, световната насока на образованието продолжила да биде карактеристика на византискиот образовен систем. Дури и во училиштата кои постоеле при црквите се предавале световни дисциплини без чие познавање во Византија не можело да се замисли образован човек. Така, низ целото постоење на Византиската империја, мирно коегзистирале световното и богословското образование надополнувајќи се едно со друго. И ова преплетување на различни гранки на културата на човештвото ѝ дало уникатен правец на православната византиска цивилизација, која се одликувала со антички светоглед, особена насоченост кон воспитанието, комбинација на световните елементи во образованието со христијанската доктрина и образование под авторитетот на владетелот.

24 Виталий Г. Безрогов, *Традиции ученичества и институт школы в древних цивилизациях* (Москва: ПИМ, 2008), 238.